РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-91/3**
**Скопје,18.12.2025 година**

Записник од триесет и петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 18.12.2025 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска -член
Г-ѓа Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и петтата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и петтата седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за определување на вршител на функцијата Јавен обвинител на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, согласно член 25 став 3 од Законот за Јавното обвинителство
2. Разно

Пред да се усвои вака предложениот дневен ред од страна на Претседателот на Советот, беше кажано дека била направена техничка грешка и наместо чл. 25 став 3, треба да стои член 25 став 4 од Законот за јавното обвинителство. Воедно наведе дека Јавниот обвинител на РСМ дал оставка од функцијата Јавен обвинител на РСМ, што било констатирано од страна на Собранието на РСМ, па од тие причини е

закажана оваа седница со цел да се назначи вршител на должност. Вака корегираниот дневен ред го предложи за усвојување.

Пред да се изгласа предложениот дневен ред збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека поради отсуство на еден член на Советот, а Советот нема техничка можност членот да се вклучи on line, предложи оваа точка да се одложи за ден -два за да биде присутна и колешката на оваа седница, со што секој член на Советот би можел да го искаже својот став.

Г-дин Ардиан Демири кажа дека предлогот на членот на Советот г-дин Ермон Незири е прифатлив и издржан од причина што станува збор за сериозно прашање и добро би било да присуствуваат сите членови на Советот и да искажат свои видувања по оваа точка од дневниот ред. Воедно се согласи со предлогот седницата да се одложи за понеделник.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот на г-дин Ермон Незири за одлагање на седницата.

Се помина на гласање по што со 9-девет гласа ЗА едногласно беше одлучено седницата се одложи и истата продолжи на ден 22.12.2025 година (понеделник) со почеток во 11:00 часот.

**На ден 22.12.2025 година во 11:00 часот, продолжи триесет и петтата седница на Советот со претходно усвоениот дневен ред.**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева-член
г-ѓа Кети Петкова -член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување-продолжување на триесет и петтата седница на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека согласно член 25 став 4 од Законот за Јавното обвинителство, Советот по поднесената оставка на Јавниот обвинител на РСМ, треба да назначи вршител на функција Јавен обвинител на РСМ од редот на јавните обвинители во ЈОРСМ до именување на Јавен обвинител на РСМ. Воедно отвори дискусија по оваа тока од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека без оглед на тоа што станува збор за времена функција, Јавното обвинителство согласно неговата хирархија мора да има лице кое ќе биде вршител на должност.

Од тие причини и согласно законските одредби, Советот на јавните обвинители на РСМ нема можност да ги следи оценките на јавните обвинители во ЈОРСМ за да може да се определи по некој систем согласно добиено оценки па тој јавен обвинител да се назначи за ВД, се раководи по принципот да го предложи заменикот на републичкиот Јавен обвинител и воедно за ВД на ЈОРСМ го предложи јавниот обвинител Анита Тополова Исајловска која му била заменик на Јавниот обвинител Љупчо Коцевски како и на предходните републички јавни обвинители Марко Зврлески и Љубомир Јовески. Наведе дека во континуитет веќе 10-десет години ја извршувала таа функција и смета дека нема да биде проблем и понатаму да ја извршува.

Откако никој не побара збор, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предлогот на членот на Советот г-ѓа Кети Петкова го стави на гласање.

Едногласно со 9-девет гласа ЗА предлогот на членот на Советот г-ѓа Кети Петкова беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители донесе Одлука за определување на вршител на функција Јавен обвинител на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до иненување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија, а подолго од 6-шест месеци согласно член 25 став 4 од Законот за Јавното обвинителство, така што за вршител на функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија се определува јавниот обвинител Анита Тополова Исајловска.**

Под точка разно, на прашање на членот г-дин Ермон Незири, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими одговори дека до крајот на месецот ќе има уште една седница на која меѓудругото ќе се разгледа и Годишниот извештај на ЈОРСМ за 2024 година, а тоа било планирано и пред оваа седница, но било одложено поради оставката на државниот јавен обвинител.

Откако друг никој не зема збор, Претседателот ја заклучи триесет и петтата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**